Совет на Општина Делчево
Број 09- 2622/2
26.12.2022 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 17.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 26.12.2022 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на, оправдано отсутна беше Стефанија Атанасова Јовановски.

На седницата на Советот, присуствуваше и градоначалниот на Општина Делчево, раководители на Сектори и одделенија во Општина Делчево, како и образлагачите на точките.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 17.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 16.седница

1. Предлог-Буџет на Општина Делчево за 2023 година;
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;
3. Буџетски календар;
4. Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2023 година;

Образлагач: Анка Христова-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци.

5. Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2022 година со Предлог-Заклучок за усвојување;
6. Програма за работа на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2023 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач: Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево

7. Деветмесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница"-Делчево за период 01.01.2022-30.09.2023 година со Заклучок за усвојување;

Образлагачи: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево и Марија Сумрачка-одговорна за сметководство и финансиски книговодител.

8. Предлог-Одлука за усвојување на Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026;
9. Акциски план на Општина Делчево за имплементација на Сратегијата за родова еднаквост за за периодот 2023-2026;

**Образлагач**: По точките 8 и 9-Игор Жежовски-Советник за еднакви можности.

10. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година;

**Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

11. Предлог-Одлука за определување населени места во општина Делчево во кои нема јавно осветлување и во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување;

**Образлагач:** Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.

12. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево.

**Образлагач**: Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево.

13. Предлог-Одлука за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на општина Делчево;
14. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука бр.02-078/2 од 16.12.2022 година за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;

**Образлагач**: Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека уште на 23.11.2022 година доставил Барање за обележување на службените возила на општината и ЈКП „Брегалница“ со соодветни налепници и се уште нема добиено одговор во врска со барањето.

Претседателот на Советот рече дека во врска со ова барање разговарале со советникот и дека сите советници веќе ја знаат каква е процедурата со барањата и иницијативите за точки на дневен ред согласно Деловникот. Се додека по некоја иницијатива или барање нема добиено мислење од градоначалникот, не може да се стави точка на дневен ред.

Градоначалникот на Општината рече дека во Одделението за урбанизам е започната процедурата и веќе работат во врска со предлогогот/барањето на советникот и дека нема потреба за таа цел да се прави одлука на Совет. Може да се реши и без одлука на Совет.

Иван Гоцевски рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ имала доставено 26 барања за точки на дневен ред во врска со Буџетот на Општина Делчево за 2023 година. Денеска добил одговор од раководителот и градоначалникот и согласно член 21 од Статутот на Општина Делчево побара дневниот ред да биде дополнет со нивните предлози. Исто така тој имаше забелешка на недоставувањето одговор на советничките прашања и предлози на советниците, кои не се одговараат или се даваат оскудни одговори од кои тие не се задоволни.

Претседателот на Советот рече дека дневниот ред се дополнува на седница само ако точката е од итен карактер при што предлагачот мора да ја образложи итноста. Несериозно е на самата седница да се бара дополнување на дневниот ред со 26 точки за кои се потребни финансиски средства од буџетот, а што се однесува на забелешката за одговорите на советничките прашања и предлози, претседателот истакна дека секогаш интервенира да се добијат одговори во дадените рокови. Доколку сте добиле одговор во законскиот рок, а не сте задоволни од самиот одговор, јас не можам да интервенирам. Како претсеател немам

право да им се мешам на раководителите и градоначалникот во нивните одговори, рече тој.

Кирил Тренчевски реплицираше на Иван Гоцевски и рече дека доколку 26-те барање се однесуваат на Буџетот не мора да се ставаат како посебни точки на дневен ред, може да се даваат предлози за изменување на некои ставки во Буџетот.

Градоначалникот рече дека најголем дел од предлозите доставени од советничката група на ВМРО ДПМНЕ се однесуваат на Буџетот, а дел се веќе планирани да бидат ставени во програмите за работа за 2023 година на Секторот за урбанизам бидејќи најголем дел се за инфраструктура. Некои од нив биле изберени како приоритети на месните и урбаните заедници. Сите предлози од граѓаните дали се од месни и урбани, дали се од СДСМ или ВМРО ДПМНЕ, заслужуваат внимание, рече тој.

Иван Гоцевски апелираше да се доставуваат одговорите на советничките прашања навреме за да можат советниците да бидат спремни за дискусии на седниците.

Претседателот на Советот апелираше до градоначалникот и раководителите да се почитуваат роковите за одговор на прашањата на советниците.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и истиот беше ставен на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6„ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 17.седница на Советот.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 16.седница на Советот.

За збор се јави Иван Гоцевски кој повторно потенцираше дека не се одговараат некои од советничките прашања и праша дали тоа е така затоа што на 14. и 15.седница биле поставени почувствителни прашања.

Претседателот на Советот апелираше до сите раководители, директори и градоначалникот да доставуваа одговори на советничките прашања.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а Записникот од 16.седница беше ставен на гласање.

Со 14 гласа„ЗА“, истиот беше усвоен.

**Прва точка-Предлог-Буџет на Општина Делчево за 2023 година;**

Точката ја образложи Анка Христова-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци која истакна Буџетот на општина Делчево за 2023 година е планиран согласно законската регулатива и истиот е планиран во износ од 312.458.713 денари. Планирани извори на приходи во буџетот за 2023 година од кои ќе се финансираат расходите на општина Делчево се: даночни приходи 47.468.000, неданочни приходи 9.850.000, капитални приходи 6.900.000, приходи од дотации 194.456.000, приходи од трансфери 45.366.000, Приходи од самофинансирачки активности 5.300.000 и донации 3.118.713, или се вкупно 3.118.713

Даночните приходи се планирани во износ од **47.468.000** денари и тоа данок од доход, од добивка и од капитални добивки 3.465.000, даноци од имот 22.010.000, даноци од специфични услуги 21.303.000 и такси за користење или дозволи за вршење дејност 690.000, се вкупно **47.468.000**.Кај структурата на даночните приходи може да се забележи дека со најголемо учество се планирани приходите од даноците од имот со околу 46,3%, ( во нив влегуваат, данок на имот од физички лица, данок на имот од правни лица, данокот на промет на недвижности и данок на наследство и подарок). Со помал процент 44,8%, учествуваат

даноци од специфични услуги, (а тоа се комунална такса за истакната фирма, комунална такса за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, надомест за уредување на градежно земјиште, комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување, надомест за одржување на јавна чистота и др.помали комунални услуги).Неданочните приходи се од такси и надоместоци се од 8.040.000, административни такси 760.000, други неданочни приходи 1.050.000 или вкупно 9.850.000 денари.Најголемо учество во неданочните приходи имаат такси и надоместоци од такси 81,6% (овде влегуваат такси за целодневна и претшколска грижа, и други помошни активности во образованието).
Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите во вкупниот буџет на Општината за 2023 година се застапени во износ од 48.484.713 денари или 15.5%.

Средствата за блок дотации кои служат за остварување на надлежностите во образованието, детската заштита и културата, се утврдени од надлежните министерства согласно законската регулатива и се планирани во износ од 194.456.000 денари или 62,2%.

Капиталните приходи се планирани во вкупен износ од 6.900.000 денари и тоа: од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на државата во износ од 2.500.000 денари, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата во износ од 1.700.000 ден., надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини во износ од 1.200.000 денари, надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во износ од 1.500.000 денари.Вкупните расходи на буџетот на општината за 2023 година изнесуваат 312.458.713 денари. Буџетскиот дефицит е планиран на износ од 1.649.700 денари. Повисоките расходи се финансирани од други приливи односно депозити.

Структурата на расходите во буџетот на општината се состои од тековно оперативни и капитални расходи.Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно оперативните и капиталните расходи.

Платите се неопходни за функционирање на општината и се планира да опфатат околу 65% од вкупно планираните расходи во вкупниот буџет, додека во основниот буџет опфаќаат 30% од планираните расходи во основниот буџет.

Средствата од тековната резерва се користат кога за одредени итни потреби на општината или буџетските корисници не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.Расходите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација на расходи.

40 Плати и надоместоци -203.319.000
41 Резерви и недефинирани расходи 100.000
42 Стоки и услуги 55.130.200
45 Каматни плаќања 80.000
46 Субвенции и трансфери 4.403.713
47 Социјални бенефиции 880.000
48 Капитални расходи 43.467.500
49 Отплата на главница 5.078.300

Или се вкупно 312.458.713

Во делот на расходите, стоки и услуги опфаќаат 17,6%, каде што покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на

комуналните услуги и дел од тековното одржување на основното и средното образование, библиотекарството и детската заштита.

Капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од **43.467.500 ден**., додека во основниот буџет се планирани во износ од **38.227.000 ден**., и во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти за улици и патишта, надомест за одземен имот, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи и тоа како во урбаниот така и во руралниот дел на општината. Во основниот буџет планирани се расходи во износ од **102.094.000 денари.**

Тековно оперативните расходи се планирани во износ од 63.867.000 денари или 62,5% од планираниот основен буџет.

| | | |
|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 35.130.000 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 100.000 |
| 42 | Стоки и услуги | 19.998.700 |
| 45 | Каматни плаќања | 80.000 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 2.600.000 |
| 47 | Социјални бенефиции | 880.000 |
| 49 | Отплата на главница | 5.078.300 |
| | Вкупно | 63.867.000 |

Во социјални бенефиции влегуваат еднократна парична парична помош во износ од 660.000 денари и помош за новороденчиња во износ од 220.000 денари.

Во групата 46 субвенции и трансфери влегуваат трансфери до ЗГ планирани во износ од 400.000 денари, трансфери до СК планирани во износ од 800.000 денари, стипендии за студенти и средношколци во износ од 395.000 денари, трансфери за првоодделенчиња и др.трансфери.

Во основниот буџет капиталните расходи се планирани во износ од 38.227.000 денари, или 37%, и во најголем дел се однесуваат на:

- Подготвување на проекти за улици и патишта 2.000.000
- Изградба на улици и патишта 2.500.000
- Реконструкција на улици и патишта 9.182.000
- Изградба на капацитети за водоснабдување 3.820.000
- Изградба на други објекти 13.000.000
- реконструкција на капац. за водоснабдување 3.600.000
- изградба на капацитети за водоснабдување 3.820.000
- реконструкција на пречистителни станици 2.000.000
- надомест за одземен имот 1.500.000
- купување на опрема 125.000

(Најголем износ од средствата за изградба на други објекти се однесува за изградба на градскиот пазар-12.000.000 ден.)

Тековно оперативните и капиталните расходи се дадени во посебниот дел од Буџетот на општината распределени по соодветни програми и потпрограми.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека советничката група на СДСМ и коалицијата има неколку предлози и затоа предложи во Буџетот на Општина Делчево за 2023 да се направат следните измени/корекции:

-Во програма А0 ставка група 42, ставка 420 патни и дневни се предвидении 404.000 од кои 50.000 за патни и дневни и 350.000 за наградно патување на 10 матуранти. Предлогот е 50.000 денари да бидат предвидени само за патни трошоци;

-Вториот предлог е од програмата К4 култура од групата 42 од ставката 426 други тековни расходи 100.000 денари да се префрлат на Програма А0 Совет на Општина Делчево на ставката 426 други расходи кои ќе бидат наменети за поддршка на спортски клубови, културно-уметнички друштва, здруженија на граѓани;

-Третиот предлог е од програмата Г1 Локален економски развој од ставката 426-други тековни расходи 100.000 денари да се префрлат на Програма А0 Совет на Општина Делчево на ставката 426 други расходи кои ќе бидат наменети за поддршка на спортски клубови, културно-уметнички друштва, здруженија на граѓани;

Барам нашите предлози да бидат ставени на гласање претседателе, рече К.Тренчевски.

Тони Стаменковски се јави за збор и рече дека крајниот игнорантски однос на поединци од општинската администрација и на градоначалникот Горан Трајковски кон советникот од Левица, а во врска со неодговорените советнички прашања, доставените барања кои се уште не сѐ реализирани , недоставувањето документи од одредени сектори во општината по барање на Советник потребни за работа во Советот, расипничкото трошење на народни пари за угостителски услуги и репрезентации во милионски суми, дека нема да присуствува и учествува на како што ја нарече „ оваа театарска претстава наречена Буџет на Општина Делчево“, по што ја напушти седницата на Советот на Општина Делчево.

Претседателот на Советот рече дека иако советникот има право на свое мислење и став, сепак прави грешка со тоа што ја напушта седницата бидејќи си го ускратува правото да дискутира и дава свои предлози по точката на дневен ред-Буџет на Општина Делчево.

Иван Гоцевски се јави за збор и предложи средствата во Програмата Г1 ЛЕР,од ставката 426-репрезентации во износ од 150.000 денари да се скратат на 75.000 денари, а 75.000 денари дас е префрлат на ставката 463-трансфери до НВО, спортски клубови и здруженија на граѓани.

Вториот предлог на Иван Гоцевски се однесува на средства од Програма Д0 Градоначалник од ставката 463 други тековни расходи од 30.000 денари, 15.000 денари да се префрлат на ставка 463 трансфери до НВО, спортски клубови и здруженија на граѓани.

Зекир Абдулов имаше прашање до образлагачот во врска со средствата предвидени за трансфери до НВО-400.000 и спортски клубови 800.000, зошто износот на предвидените буџетски средства и за 2023 е 2:1 во корист на спортските клубови и покрај тоа што тој и на

претходните седници дискутирал и предлагал износто да биде избалансиран, а средствата да се доделуваат навистина врз основа на издржани апликации и проекти, а не само врз основа на обични барања?

Градоначалниот побара збор во врска со Буџетот на Општина Делчаево за 2023 и истакна дека буџетот за 2023 е скроен врз основа на прироритетите на граѓаните и тој е развоен и најголем дел од проектираните средства се расходи наменети за капитални проекти. Вложувањето во капиталните проекти е повеќе од потребно за да имаме добра економија, здрава локална смоуправа и транспарентни процеси кои се темелат на потребата од усогласување на различните потреби на граѓаните.

Општина Делчево се наоѓа во фаза во која и натаму се неопходни инвестиции во инфраструктурата како услов за раст и развој на општината и затоа мораме да продолжиме да го градиме Делчево и да се гордееме со него. Во едни такви услови, успеавме да проектираме Буџет за 2023 година кој ги задоволува реалните можности за реализација на капиталните инвестиции од една страна и задоволување на потребите на голем број на граѓани од друга страна.

Вкупниот буџет на Општина Делчево за 2023 година е планиран на износ од 312.458.713 денари. Капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од 43.467.500 денари додека тековно оперативните расходи се планирани во износ од 268.991.213 ден. Основниот буџет е планиран на износ од 102.094.000 денари, од кои капиталните расходи се планирани во износ од 38.227.000 денари, или 37,4%, додека тековно оперативните расходи се планирани на износ од 63.867.000 ден. или 62,6%.

Планираните капитални расходи во основниот буџет во најголем дел се однесуваат за изградба и реконструкција на улици и патишта и тоа како во урбаниот така и во руралниот дел на општината,за кофинансирање за изградба на капитални проекти,за изградба и реконструкција на водоводи, за изготвување нови проекти.

Во 2023 година проектираме за изградба и реконструкција на улици да се инвестираат 11 682 000 денари, од кои за реконструкција на улици и патишта во износ од 9.182.000 денари,за изградба на улици во износ од 2 500 000 денари. Завршување на изградбата на градскиот пазар во износ од 12.000.000 денари, реконструкција на капацитети за водоснабдување во износ од 3.600.000 ден., изградба на капацитети водоснабдување 3.820.000 ден., реконструкција на пречистителни станици и колектори 2.000.000 денари.

Обезбедени се средства од МТВ во износ од 5.800.000 денари за реконструкција на локалниот пат Делчево-с.Стамер.

Проектирани се средства за експропријација во износ од 1.500.000 денари.

Клучни капитални проекти на кои ќе се посвети големо внимание е изградбата на нова детска градинка со капацитет од 150 деца,проект со проектирана вредност од 48 000 000 ден.

Максимална посветеност во сите сегменти за реализација на втората фаза-инфраструктурен дел од проектот на филтер -станицата за чиста вода за пиење, проект во висина од 6 мил швајцарски франци и изградба и реконструкција на комплетно нови водоводи во с.Габрово, с.Звегор, проект со финансиска конструкција од 1,3 милиони швајцарски франци;

Изградбата на нова водоводна инсталација во дел од нас.Милково Брдо, нас.Ново Делчево и потисен цевковод во нас.Трети Реон со финансиска конструкција од 18 845 000 денари.

Реконструкција на водоводната инсталација во с.Вирче со средства од Буџетот на Општината. Изградба на улици околу градскиот зелен пазар изградба на целиот паркинг простор околу пазарот,со средства од основниот буџет.
Предвидени се средства за социјални трансфери: еднократна парична помош во износ од 660 000 денари; еднократен паричен износ за новороденчиња 220 000 денари; исплата за првачиња 327 000; трансфери до здруженија на граѓани и спортски клубови 1.200.000 денари; Од оваа година воведуваме нова општинска мерка- Еднократна парична помош од 10.000 ден. за згрижувачки семејства во Делчево.
Буџетот за 2023 година е одговор на предизвиците што претстојат, но е и во насока на реализација на приоритетите за следната година. Развојната компонента ни дава очекување за економски раст во општината во 2023 година, бидејќи капиталните проекти очекувано се зголемуваат и по број и по квалитет.Продолжуваме посветено и со силно темпо да работиме, со огромна енергија и ентузијазам, со вложување на сите ресурси, да го реализираме сето она што го планираме во Буџетот за 2023 г. Во врска со прашањето и предлогот на Зекир Абдулов тој истакна дека во 2023 година ќе има повик на кој ќе можат да се поднесуваат апликации и од страна на НВО-и и од страна на спортските клубови и здруженијата на граѓаните. Седа засега тие средства се така планирани, ќе видиме на повикот како ќе биде дали ќе се доделат сите средства или не, ако не се доделат тие за спортски клубови, а има потреба да се доделат на НВО-и повеќе од планираните 400.000 може со одлука на Совет за пренамена да се пренамент тие средства, рече тој.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека не се согласува со градоначалникот оти буџетот е развоен. 30% од средствата се за проекти и за потреби на граѓаните додека 70% се за плати, надоместоци и придонеси и затоа од тие причини предложив кратење на средства од некои непродуктивни ставки и вивна пренамена на ставката на невладини, спортски клубови и здруженија на граѓани. Во обраќањето градоначалникот спомнал дека биле одржувани форумски сесии, тоа не е точно рече тој, одржана е само 1 форумска сесија за разлика од порано кога имаше по 3-4 форумски сесии, со што учеството на граѓаните во креирањето на буџетот е навистина ускратено, додека во другите општини тоа не било така и ги спомна општините Штип и Берово. Постојано има партиски вработувања и факт е дека во однос на 2021 година во 2022 година повеќе средства се трошени за непродуктивни трошоци. На крајот тој истакна дека Општина Делчево секој ден е позатворена и нетраспарентна општина, се надева дека Советот на Општина Делчево ќе успее на некој начин да направи некои промени во Буџетот за 2023,а предлозите на нивната советничка група ќе бидат доставени преку архива.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека не спори оти се потребни повеќе форумски сесии, во Делчево имало само 1 форумска сесија и јавна анкета на официјалната страница, но исто така и во Штип имало 1 форумска сесија. Во врска со обвинувањата за партиски вработувања, тој рече дека сите вработувања се транспарентни со распишување на јавни огласи согласно законските прописи и речиси сите се за испразнети работни места по основ на пензионирање или други причини. Што се однесува до трансарентноста или отвореноста и затвореноста на општината, градоначалникот истакна дека има релеванти податоци од релевантни институции и според нив Делчево е на прво место во источниот дел на државата. Дека буџетот е развоен, а не неразвоен како што велите Вие, не знам што да кажам освен дека се изградени капитални проекти кои не биле изградени 15-20 години, се

градат и во иднина ќе се градат бидејќи развојот на една општина се капиталните проекти. И покрај блокираната сметка се изградени повеќе капитални проекти, некои се во тек, а некои ќе бидат завршение:Пречистителна станица, пешачки мост, Градска капела, Градски пазар, реконструкција на улици во Басарица, Пролет, реконструкција на булевар Македонија, замена на абестни цевки со ПВЦ, изградба на водоводи и канализации, изработка на проектна документација, изработка на детални урбанистички плнови и сл. Да било така и во изминативе 15-20 години ќе беше многу подобро и за општината и за мене како градоначалник, на крајот сакам да кажам дека со 37,4% од вкупниот буџет, Буџетот на Општина Делчево е развоен, истакна градоначалникот.

Кирил Тренчевски рече дека буџетот на Општина Делчево за 2023 година е развоен бидејќи ако 25% од Буџетот се за капитални расходи, тогаш се смета за равоен, а Буџетот за 2023 е 37,4% од вкупниот буџет или 42,57% од основниот, што значи дека Вашата забелешка дека 70% се за плата се паушални, рече тој.

Иван Гоцевски имаше реплика на дискусијата на К.Тренечевски и рече декапроцентот лесно се пресметува 102.000.000 од 300.000.000. Во однос на транспарентоноста и капиталните расходи моите информации се од официјалната интернет страница на Општина Делчево. За 2022 година само 18% се за капитални расходи, а дури 72% се тековно-оперативни расходи. Ист податок за капитални расходи 17% е и за 2021 година, тоа се податоци од граѓански буџет објавен на веб-страницата.

Претседателот на Советот рече дека од дискусијата може да се види дека советниците разговараат за различни работи. Лично сметам дека буџетот за 2023 година е развоен, изградени се неколку капитални проекти-градска капела, градски пазар, пешачки мост и др., рече тој.

Иван Гоцевски рече дека поголем дел од тие проекти се започнати претходните години, од претходните градоначалници и така е добро, започнатите проекти да се довршат и праша зошто се скратени средствата на ставката 425-стоки и услуги (наменети за проектна документација), не е коректно да се кратат 2 милиони денари?

Градоначалникот на општина Делчево рече дека пред да стане градоначалник бил советник и знае дека на Советот понекогаш мора да се дискутира популистички, но фактите говорат дека во опвие 5-6 години се изградени повеќе капитални проекти што е доволен доказ дека буџетот е развоен. Точно е дека за дел од тие проекти проектната документација е изработена од претходниот градоначалник, но за многу проекти документацијата е изработема во неговиот мандат. Сите други потребни документи за пешачкиот мост, сите дозволи и согласности биле извадени во претходниот мандат, има некои проекти се такви што не може целосно да се реализираат во 1 мандат. Буџетот е развоен и се надевам дека во остатокот од овој мандат нема да остане ниту една неасфалтирана улица. За мене како градоначалник и за вас како советници, интересот на граѓаните секогаш треба да биде на прво место, без разлика на нашата партиска определба, рече градоначалникот.

Иван Гоцевски го праша градоначалникот колку е вкупниот долг на општината, колку основниот долг и дали има тренд на зголемување?

Претседателот на Советот рече советниците да се фокусираат на точката на дневен ред, дискусијата да се насочи на буџетот и да се предидуваат и во иднина повеќе средства за проектирање и изработка на проекти со кои ќе може да се аплицира за добивање на средства.

Градоначалникот на општина Делчево рече дека вкупниот долг бил 240.000.000 денари од кои се вратени 70.000.000, а 170.000.000 се долг кон една фирма, што значи дека долгот е намален, а не зголемен, рече тој.

Иван Гоцевски праша колку е износот на помошта од Владата на РСМ?

Сашко Ивановски праша зошто се случува рестрикција на уличното осветлување веќе подолг период, кога се прибираат доволно средства од комунална такса за улично осветлување-21 милион за 2023, а расходите за одржување се 5 милиони, дали разликата е потрошена за друг работи, праша тој и до кога ќе има рестрикции на осветлувањето?

Градоначалникот рече дека сите се запознаени со енергетската криза и мерките што ги преземала Владата на РСМ, во врска со рестрикцијата на осветлувањето имало Укажување од Влада дека 15% треба да има заштеда на сметките за електрична енергија. Порано имаше сметки 400-500.000, последната е 1,3 милиони, што значи дека мора да се штеди, инаку рестрикција има во сите општини. Ако наредните сметки се помали, тогаш ќе се укине рестрикцијата, истакна градоначалникот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена.

На гласање беше ставен предлогот на советничката група на СДСМ и коалицијата поднесен од Кирил Тренчевски и тоа:

***-Во програма А0 ставка група 42, ставка 420 патни и дневни се предвидении 404.000 од кои 50.000 за патни и дневни и 350.000 за наградно патување на 10 матуранти. Предлогот е 50.000 денари да бидат предвидени само за патни трошоци;***

***-Во програмата К4 култура од групата 42 од ставката 426 други тековни расходи 100.000 денари да се префрлат на Програма А0 Совет на Општина Делчево на ставката 426 други расходи кои ќе бидат наменети за поддршка на спортски клубови, културно-уметнички друштва, здруженија на граѓани;***

***-Во програмата Г1 Локален економски развој од ставката 426-други тековни расходи 100.000 денари да се префрлат на Програма А0 Совет на Општина Делчево на ставката 426 други расходи кои ќе бидат наменети за поддршка на спортски клубови, културно-уметнички друштва, здруженија на граѓани;***

Со 8 гласа „ЗА“ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“ предлогот беше прифатен.

На гласање беше ставен и предлогот од Иван Гоцевки и тоа:

***Во Програмата Г1 ЛЕР,од ставката 426-репрезентации во износ од 150.000 денари да се скратат на 75.000 денари, а 75.000 денари дас е префрлат на ставката 463-трансфери до НВО, спортски клубови и здруженија на граѓани.***

***Во Програма Д0 Градоначалник од ставката 463 други тековни расходи од 30.000 денари, 15.000 денари да се префрлат на ставка 463 трансфери до НВО, спортски клубови и здруженија на граѓани.***

Со 5 гласа „ЗА“ и 8„ВОЗДРЖАНИ“ предлогот не беше прифатен.

На гласање беше ставен и Буџетот на Општина Делчево за 2023 година со претеходно усвоениот предлог.

Со 8 гласа „ЗА“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“ Советот на Општина Делчево го донесе Буџетот на Општина Делчево за 2023 година.

Втора точка-Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023

**година;**

Образложение по оваа точка поднесе Анка Христова која рече дека секоја година се донесува оваа одлука и со неа во 21 член се утврдува начинот на користење на средства од буџетот на општина Делчево за 2023 година. Одлуката е законска обврска согласно член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Претседателот отвори расправа по точката

Иван Гоцевски рече дека со самото изгласување на Буџетот и неизгласувањето на нивните предлози по барање на граѓаните, на нив како на советници, на наекој начин им е ускратен правото да можат да реагираат во Буџетот за 2023 година и во неговото извршување.

Претседателот на Советот истакна дека предлог-материјалите за Буџетот за 2023 година биле доставени 2 седмици пред одржувањето на седницата и сите советници имале доволно време да го разгледаат и да достават предлози/амандмани во врска со буџетот. Самото барање да се дополн дневниот рд со 26 точки кои се во врска со буџето навистина е несериозно, а забелешката дека на советниците им е ускратено правото, не е оправдана.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

Трета точка-Буџетски календар;

Точката ја образложи А.Христова која рече дека секоја година Советот донесува Буџетски календар со кој задолжително ги утврдува роковите за планирање на општинскиот буџет. Оваа година согласно измените на законот и насоките од Министерството за финансии, во Буџетскиот календар се додадени и кварталните извештаи за извршувањето на буџетот кои претходно не биле во Буџетскиот календар, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево,го донесе Буџетскиот календар.

Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2023 година;

Образлагач и по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци, која истакна дека оваа одлука се донесува врз основа на член 88 став од Законот за административни службеници и со неа се утврдува вредноста на бодот за платите на административните службеници на 81,60.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше зџатворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево, ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2023 година.

**Петта точка-Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2022 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Билјана Петровска-директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која

рече дека основна цел на библиотеката во 2022 година била задоволување на културните и образовните барања на граѓаните и читателите. Благодарение на блок дотациите од Министерството за култура, Локалната самоуправа и средства од сопствени извори, целосно и со успех се реализирани поголем број на програмски задачи. Во 2022 година вкупниот книжен фонд на библиотеката бил зголемен и обновен со литература од различни области:лектири, белетристика за деца и возрасни, стручна литература, енциклопедии, сликовници, едноставно се што било ново од издавачките куќи и се што барале читателите. Во 2022 година вкупниот број на читатели изнесувал 790 и тоа од најразлична возраст. За лицата од социјално загрозени семејства, лицата со хендикеп, самохраните родители и децата на невработени родители и оваа година не се наплатувало членарина. Во продолжение на извештајот ги имате сите реализирани активности на библиотеката во 2022 година  по месеци, рече директорката.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Оливера Ташевска која истакна дека има забелешки по извештајот и програмата на библиотеката во смисла дека не се прифатени забелешките од лани и покрај тоа што директорката истакнала дека ќе ги прифати. Нема конкретни и основни податоци како што има во други извештаи и програми, нема финансиска конструкција.

Билјана Петровска рече дека не е точмо оти не се прифатени забелешките од ланската година, прифатени се, а сега е на дневен ред Извештајот, а не Програмата на ЈЛБ.

Оливера Ташевска рече дека активностите се исти како ланската година, не е ништо различно.

Билјана Петровска рече  активностите се исти како лани бидејќи има активности кои секоја година се спроведуваат. Во самиот извештај се дадени месечно, од почетокот до крајот на годината. А во врска со формата на Извештајот и Програмата таа рече дека се консултирала со директорите на библиотеките во Прилеп, Струмица, Штип и Струга каде што директорите се со 20-годишно искуство и дека и Извештајот и Програмата на библиотеката се усогласени со извештаите и програмите на други општини.

Гоце Попов – претседателот на Советот рече дека нема потребо да се повторуваат дискусиите, директорката рекла дека ги уважила забелешките од лансаката година, направила консултации со други библиотеки и дека ги изготвила и извештајот и програмата согласно забелешките . Што се однесува до формата лично сметам дека е во ред, има законски основ, има воведен дел, има активности.

Иван Гоцевски праша дали директорката има податок колку чини набавката на нови книги-лектири, стручна литература, енциклопедии и слично и дали библиотеката распишува јавна набавка за тоа?

Директорката рече дека во Завршната сметка точно ќе се види колку пари се потрошени за се, па така и за книги. Инаку за набавка на книги не распишуваат јавна набавка затоа што средствата од блок дотациите не се доволни, а од сметката за сопствени средства се плаќа сметката за вода.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2022 година.

**Шеста точка-Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2023 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе Билјана Петровска-Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево која рече дека ЈЛБ„Илинден“-Делчево во текот на 2023 година ќе продолжи ефикасно да ја извршува својата основна дејност.Ќе врши квалитетна набавка на стручна литература од сите области, лектирни изданија за учениците,белетристика, енциклопедии, атласи, речници, зборници, карти, списанија и друга литература , се со цел да се задоволат потребите на сите наши читатели од целата општина без разлика на нивната возраст.Библиотеката ќе направи напори да побликува и свои изданија, збогатувајки го на тој начин роднокрајното одделение, но создавајки и книжевно наследство за генерациите во иднина.Покрај извршувањето на оваа основна дејност, која што е во согласност со Законот за библиотеки, библиотеката во рамки на годишната програма ќе реализира и други активности кои што ја анимираат читателската публика, го стимулираат творечкиот потенцијал во општината, со цел создавање на нова продукција во сферата на културата.И во 2023 година планирани се активности кои ќе ги приближат младите генерации кон книжевноста, со цел уште од мали да ја засакаат и посетуваат библиотеката.Заложбите на библиотеката се да биде центар на информацијата, средиште на книжевноста и науката, и токму затоа и оваа година ќе организираме промоции, предавања, трибини, средби, настани, конкурси и изложби, натпревари и сл.Библиотеката тековно ќе продолжи со своите активности за набавка, чување и издавање на книжниот фонд и заштита на културното наследство, истакна директорката Б.Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека во оваа програма фалат финансиски податоци и предложи средствата прибрани од членарина да бидат наменети за набавка на нов книжен фонд.

Директорката рече дека со средствата од сопствената сметка прво се плаќаат сметките за вода, а ако евентуално останат средства може да се наменат за набавка на членарина.

Иван Гоцевски рече дека нелогично е од сопствените средства да се плаќаат сметки за вода, а директорката да не презема ништо.

Директорката рече дека таа како директорка мора да води сметка сметките да се плаќаат редовно бидејќи средствата од дотациите не се доволни. За набавка на книги библиотеката секогаш наоѓа начин и средства и доколку има доволно средства од блок дотациите, сигурно средствата од членарината нема да се трошат за плаќање на сметки.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“ Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2023 година.

**Седма точка-Деветмесечен извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“-Делчево за**

период 01.01.2022-30.09.2023 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по точката беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево кој рече дека ЈКП на секои 3 месеци поднесува извештај за финансиското работење. Овој извештај е периодичен и се однесува на третиот квартал од работењето на ЈКП, а е изготвен согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување. Во него се презентирани Извештајот за остварени приходи/расходи за 3 квартал; Извештај за процент % на наплата со обврски на ентитетот и Извештај за паричните текови и еквиваленти. Во извештајниот период ЈКП „Брегалница" остварила негативн финансиски резултат од-1.327.467 денари. Директорот истакна дека најголема причина за загубата се енормно високите сметки за струја.Од табелата за Приходи може да се види дека во однос на ланската година има минимално зголемување на приходите под реден број 3,12 и 15, а има намалување кај приходите од вода за 550.000 и кај приходите од канализација за 768.372. Што се однесува до расходниот дел, намалување има речиси на сите ставки освен на некои каде има зголемување. Трошоци за материјали (401) има намалување за 83.000, а зголемување има на 402-Потрошена електрична енергија, мазива од 3.360.204 во 2021 на 4.164.422 во 2022 година или за 804.218 денари. Сметката за електрична енергија за август била 1.460.000 денари. Намалување има и на ставката 404-потрошени резервни делови, 410-транспортни услуги и превоз има намалување, потоа на 419-останати услуги има намалување, а зголемување на ставката 420-плати и надоместоци, за 6 вработени се зголемени трошоците за плата. Процентот на наплата е на задоволително ниво 87%. Процентот на наплата кај правните лица е 94%, акај физичките 92-93%.На крајот на овој извештај се наоѓаат податоци за обврските на ЈКП и паричните текови и еквиваленти и како заклучок може да се каже дека негативниот финансиски резултат есе должи на драстичното зголемување на цените на нафтените деривати, електричната енергија, материјалите, резервните делови и средствата за третирање на вода, како и на зголемување на изностот на мининималната плата, рече директорот.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека ЈКП „Брегалница" извесо време покажува негативен финансиски резултат или загуба, која согласно денешниот извештај со завршувањето на 3 квартал е-1.327.467 денари. Она што загрижува е дека овој резултат има тенденција на покачување, факт е дека сметките за струја на ЈКП се доста високи и го праша директорот дали може да одговори колку изнесуваат сметките за последните месеци?

Директорот рњече дека за 7. месец сметката била 255.000, за 8. Месец 1.460.000, за 9.месец 790.000, за 10.месец 336.410 и за 11.месец 296.000 денари. Тој рече дека се надева оти постепено ќе дојде до стабилизирање на цените така што нема да има потреба јавното претпријатие да ги покачува цените.

Иван Гоцевски праша како ќе се обезбедат средства за плаќање на тие сметки и дали е доведена во прашање ликвидноста на јавното претпријатие?

Директорот на ЈКП рече дека со 300.000 сметка не би требало да има проблем ЈКП, имаат разбирање и од економскиот оператор и има услови за плаќање на сметките на рати така што не би требало да има проблем.

Сунчица Ѓорѓиева рече дека на ставката з арепрезентација во однос на 2021 година има мало покачување, не е многу, но сепак има и праша на што се должи тоа покачување?

Директорот рече дека на таа ставка не се предвидени само средства за класична репрезентација туку тука се книжат повеќе трошоци:рекламен материјал, учество на средби на комуналните претпријатија, угостителски услуги, купување на цвеќе за одбележување на празници и манифестации, потоа купување на потребни стоки од продавница за членови на Управен и надзорен одбор, обезбедување на храна за вработените ангажирани во отстранување на дефекти по работно време и за време на викенд и др.

Ели Ризова Ангеловска праша дали ЈКП има набавено доволно реагенси за затоплување бидејќи имало проблем со затоплувањето во ЈКП?

Директорот рече дека ЈКП се затоплува со дрва кои ги има набавено во доволни количини и не е точно дека имало проблем со затоплувањето.

Оливера Ташевска праша дали директорот има набавено дополнителен уред за затоплување во неговата канцеларија?

Реагираше претседателот на Советот и апелираше сите членови на Советот да го почитуваат дневниот ред и да дидскутираат исклучиво по точката која е на дневен ред- Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП.

Тони Стаменковски праша дали на порталот ОТВОРЕНИ ФИНАНСИИ од страна на јКП „Брегалница“ се внесуваат сите трошоци (трансакции, угостителски услуги, репрезентации) бидејќи се објавуваат јавно?

Директорот одговори дека прво се прикачуваат (објавуваат) договорите, а потоа се внесуваат податоци за реализација на тие договори.

Кирил Тренчевски рече дека во време и услови на светска економско-енергетска криза сите јавни претпријатија во државата се соочиле со зголемени расходи за сметки за електрична енергија. Од овој извештај се гледа дека ЈКП во 2022 година штедело на повеќе ставки (материјали и суровини, потрошни материјали, резервни делови) се штедело секаде каде имало услови. Има зголемување на некои ставки, но тоа не е по вина на директорот-трошоците за плата мора да се зголемат бидејќи се зголемила и минималната плата, сметките за електрична енергија, за мазива и гориво се повисоки оти се покачи цената на струјата и на сите други енергенси. Бројот на вработени се намалил за 6 вработени и тоа е штедење, истакна тој.

Иван Гоцевски имаше реплика и рече дека координаторот на советничката група на СДСМ вешто ги извртува фактите бидејќи расходите се зголемени за 2,5 милиони денари и со тоа ги доведува гражаните во заблуда тврдејќи дека се штедело на сите можни ставки. Тој праша што ќе преземе директорот за надминување на загубата?

Контрареплика имаше К.Тренчевски кој рече дека расходите се зголемени за 2,5 милиони ама 800.000 денари од тие се за плати и за електрична енергија. Разликата е тука во тие две ставки, рече тој.

Иван Гоцевски рече дека е точно оти за плати и за електрична енергија се тие пари,

ама сите граѓани на Делчево се сведоци дека во 2022 година имало серија дефекти обично за време на викенд, па немало вода со денови. Дали причина за тоа е тоа што пумпите работеле без надзор па се случувало пукање на цевките при поголем притисок праша тој?

Директорот рече дека овие дискусии и прашања се паушални и неточни, чист популизам и обид за дискредитација на ЈКП и вработените.

Сунчица Ѓорѓиевска праша дали при менувањето на цевките за новата водоводна линија во Ново Делчево има прекин на водоснабувањето и кога ќе се изврши приклучувањето?

Директорот рече дека приклучувањето на новата водоводна линија ќе биде наредната година.

Оливера праша колку е вкупниот број на вработени бидејќи во јануари биле вкупно 89 или 86 во редовен работен однос плус 3 преку Агенција за привремени вработувања, а во септември 81 +4 или вкупно 5.

Директорот рече дека бројот на вработени се намалува и досега не се пополнуваат заради кризата, инаку има испразнети работни места по основ на пензионирање, смртен случај. Моментално се 85 вработени (81+4).

Сашко Ивановски праша дали во извештајот ги има приходите од одржување на паркови и зеленило и колку се?

Директорот рече дека ги има и тоа во износ 998.880 наспроти 665.723 денари.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 7 гласа „ЗА“, 5 „ПРОТИВ“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Деветмесечниот извештај за работењето на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2022-30.09.2023 година.

Осма точка-Предлог-Одлука за усвојување на Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026;

Образлагач по оваа точка Игор Жежовски-Советник за еднакви можности кој истакна дека Документот „Стратегија за родова еднаквост“општините Делчево, Берово и Пехчево, за периодот 2023 – 2026 година (во понатамошниот текст, Стратегијата за РЕ) е изработен во периодот октомври - ноември 2022 година. Овој документ се базира врз основа на претходна анализа на постигнувањата од актуелната Стратегија за РЕ 2020 – 2022. Стратегијата е подготвена на партиципативен начин со учество на сите засегнати страни, притоа родово балансирани и тоа: сите членови на Комисиите за еднакви можности од сите три општини, советници во општините, вработени во општинската администрација како и претставници на граѓанскиот сектор. Истите дадоа значителен придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ, кој ги претставува и вклучува и потребите и проблемите поврзани со родова нееднаквост во регионот, како и предлозите на засегнатите страни за превенција и надминување на истите.Партиципативното стратешко планирање кое било имплементирано при креирањето на овој документ, во својата основа е демократски процес за утврдување на почетните состојби и потребите на граѓаните, потоа ревидирање/ креирање на визија и стратегии за достигнување на посакуваната иднина на

една општина и регион и претставува корисна алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ. На крајот тој истакна дека со имплементацијата на Стратегијата за РЕ ќе се придонесе кон инклузија во општествените текови еднакви можности на сите граѓани, што дополнително поволно ќе влијае и на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од регионот во целост.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Оливера Ташевска која рече дека тие како советничка група на ВМРО ДПМНЕ сметаат дека во многу локални институции во програмите за работа нема родова еднаквост и го праша какво е неговото видување?

Јасмина Ќурчиска исто така рече дека некои од програмите не се родово балансирани.

Игор Жежовски советник за еднакви можности истакна дека Комисијата за еднакви можности во иднина ќе се потруди да бидат исправени сите аномалии кои ги истакнале советничките.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и на гласање беше ставена Одлуката за усвојување на Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026;

**Деветта точка-Акциски план на Општина Делчево за имплементација на Сратегијата за родова еднаквост за за периодот 2023-2026;**

Образлагач и по оваа точка Игор Жежовски-Советник за еднакви можности кој истакна дека овој Акциски план всужност се однесува на спроведувањето или имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост 2023-2026 но на подрачјето на нашата Општина. Сите 5 области на делување се разработени детално со приритети за длеување,индикатори, временска рамка и потребни финансиски средства. Доколку има прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го донесе Акцискиот план на Општина Делчево за имплементација на Сратегијата за родова еднаквост за за периодот 2023-2026;

**Десетта точка-Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека оваа програма е обврска на Одделението за урбанизам согласно член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и во неа се вградени сите тековни и предвидени урбанистички документации. Истата е поделена на три дела А, Б и В. Под делот А Урбанистички планови за град Делчево се дадени урбанистичките планови и тоа:

1. Генерален урбанистички план за град Делчево

2. Детален урбанистички план - Лесна индустрија и сервиси на м.в. ,,Стар монопол,, Делчево - дел од блок 2,6 ,урбана единица 2 ;
3. Детален урбанистички план за урбана единица 2 , дел од блок 2,7 – ,, Централно градско подрачје;
4. Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок 1;
5. Урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево – Македонска Каменица и
6. Изработка на Детален урбанистички план – Сервисна зона (Исток) Урбана единица 3, дел од Блок 3.1.

Границите и опфатот на сите тие планови се дадени во самата програма.

Делот Б се однесува на урбанистички проекти, односно донесување - одобрување на Урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање или поточно за поставување на фотоволтаични централи и тоа од точка 7.1 до точка 7.21.

Делот В е по општ дел и се однесува на довршување на постапките за проекти за инфарструктура започнати според Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Службен весник на Република Македонија бр 19/14,44/15,19/15,31/16,163/6,64/18 и 168/18)
9. По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваат урбанистички планови опфатени во член 10 од Законот за урбанистичко планирање, во опфат на Генералниот урбанистички план , надвор од опфат катастерските општини на градот сите села во општината.
10. Донесување на Одлуки на Совет за утврдување на потреба од изработка, дополнување на Годишна програма, усвојување Урбанистички планови , Урбанистички проекти и друг вид Урбанистичка документација согласно Законот за урбанистичко планирање

Финансирањето урбанистичките планови го врши Општината од средства предвидени со Буџетот на Општината Делчево како и средства од заинтересирани правни и физички лица согласно законската регулатива, од овие дела се на физички лица, дел на правни лица, т.е приватни компании. Дел од нов се започнати претходно, но се ставени и во оааа програма бидејќи не се завршени и мора да бидат предвидени согласно законот, рече Г.Петровски.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека до него како советник има реакција од група граѓани од с. Трабботивиште за пристапниот пат за новата пречистителна станица бидејќи истиот е направен буквално на самиот водотек.

Горан Петровски рече дека неофицијалните негови информации се дека проблемот е во тоа што таму е тесно грло и не можат камионите да поминат и да ги донесат машините.

Сашко Ивановски праша дали се планира да се асфалтира патот за Градската депонија?

Горан Петровски рече дека нема информации што се планира со тој пат.

Оливера Ташевска рече дека образлагачот во своето образложение спомнал дека за некои планови постапката е во Министерството за транспорт и врски за согласност и праша што ќе се случи ако некој план не добие согласност?

Горан Петровски рече дека плановите кои не добиваат согласност обично имаат некои недостатоци или грешки кои треба да се отстранат од страна на

изготвувачот/проектантот, а од сите тие планови во Програмата само ГУП-от е план кој го финансира општината, другите се приватни иницијативи и општинататука нема никакви обврски.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2023 година;

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за определување населени места во општина Делчево во кои нема јавно осветлување и во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување;**

Во отсуство на Тони Стоименовски, образлагач и по оваа точка беше Игор Жежовски кој рече дека со оваа одлука се определуваат населените места во општина Делчево во кои нема јавно осветлување и во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување.Комуналната такса за јавно осветлување нема да се наплатува во следните населени места:

- с. Петрашевец
- с. Драмче без „Димовско маало“
- с. Киселица
- с. Илиово
- с. Турија
- с. Вратиславци
- с. Косово Дабје
- с. Селник

Со оваа одлука Советот на Општина Делчево ги ослободува од плаќање на комунална такса за јавно осветлување имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување кои имаат броила на земјоделско земјиште каде нема поствено јавно осветлување.Постапката за ослободување од комунална такса за јавно осветлување ќе ја води општината по претходно доставено барање од страна на сопствениците на земјоделски површини. Доколку во наредниот период се постави систем за јавно осветлување имателите на објекти на споменатите населени места ќе бидат дополнително задолжени со наведената такса.

Претседателот отвори расправа по точката.

Иван Гоцевски рече дека во Одлуката пишува дека постапката за ослободување од комунална такса за јавно осветлување ќе ја води општината по претходно доставено барање од страна на сопствениците на земјоделски површини и праша дали општината има начин како да ги извести граѓаните дека треба да доставуваат барања. Што со оние кои нема да достават барање, праша тој?

Марио Скакарски претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај рече дека на Комисија биле разгледувани тие прашања, но од страна на опозицијата немало присутни членови. Инаку ЕВН Македонија на 351 обрзник кои живеат во Централното градско подрачје не им фактурира комунална такса за улично осветлување и затоа се донесе одлука за задолжување на претходната седница. Во врска со оваа точка конкретно ќе се

формира Комисија која ќеоди на терен и ќе ја констатира состојбата.

Кирил Тренчевски имаше забелешка со последниот член на одлуката, односно нејзиното стапување во сила (осмиот ден од денот на објавувањето) имајќи предвид дека претходната одлука за задолжување со комунална такса ќе почне да се применува од 01.01.2022 година и предложи иемана последниот член: Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за определување населени места во општина Делчево во кои нема јавно осветлување и во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување;

Дванаесетта точка Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2023 година.

Образлагач по оваа точка беше Гоце Попов-Претседател на Советот на Општина Делчево кој истакна дека надлежностите на Единиците на локалната самоуправа, утврдени во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот на Советот претставуваат основа за донесување на Програмата за работа на Советот на Општината Делчево за 2023 година. Со цел да обезбеди услови за остварување на надлежностите и извршување на својата функција, како и обезбедување на пристап на сите заинтересирани субјекти, Советот ја програмира својата работа, при тоа на транспарентен начин презентирајќи ги основните насоки по кои ќе се раководи во текот на 2023 година. Програмата во текот на целата година ќе биде отворена за секој нов предлог и истиот ќе биде добродојден, ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитет и затоа доколку имате предлози, повелете, рече претседателот на Советот.

Беше отворена расправа по оваа точка.

За збор се јави Оливера Ташевска која упати пофални зборови за Програмата за работа на Советот и рече дека така треба да изгледаат сите програми на институциите.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2023 година.

Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на општина Делчево;

Оваа точка ја образложи Татјана Стојковска која рече дека движните ствари сопственост на Општина Делчево, утврдени со Записник за утврдување на фактичка состојба бр.08-26/7/1 од 16.12.2022год. изготвен од страна на Комисија за утврдување на движни ствари се расходуваат поради неисправност, технолошка некомпатибилност и технолошка застареност. И затоа бараме Советот да ја донесе оваа одлука, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на општина Делчево;

**Четиринаесетта Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука бр.02-078/2 од 16.12.2022 година за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;**

И оваа точка ја образложи Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина и комунална инфраструктура која рече дека потребно е Советот на Општина Делчево да даде согласност на Одлука за отуѓување на ИТ опрема со преземање, транспорт и третман на електронски и електричен отпад/монитори, печатари и друга ЕЕопрема на овластена компанија бр.02-978/2 од 16.12.2022год. донесена на Училишниот одбор на СОУ ,,ММ-Брицо,, Делчево.Одлуката е донесена согласно Записник бр. 02-965/2 од 15.12.2022година составен од Комисијата за отуѓување на електронска опрема на СОУ “ММ-Брицо,, Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлука бр.02-078/2 од 16.12.2022 година за расходување на компјутери, компјутерска опрема и елетронски отпад на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;

На крајот на седницата претседателот на Советот, Гоце Попов имаше обраќање пред членовите на Советот во кое им се заблагодари за нивната работа и посветеност во работата на Советот, за работата на седниците на комисиите, како и нивните барања, предлози и прашања кои биле разгледувани од страна на Советот на барање на граѓаните и истакна дека се гордее со секој од нив и ги охрабри и во иднина да ги штитат барањата на граѓаните, да поставуваат што повеќе прашања и предлози до надлежните институции. Исто така, беше упатена и благодарност до координаторите на советничките групи, градоначалникот, раководителите на секторите и одделенијата, како и на општинската администрација за соработката во изминатиов период. На крајот претседателот на Советот упати честитки за претстојните новогодишни и божиќни празници, со желби за мнбогу здравје, лична среќа и успех во работата.

Свое обраќање со желби за среќни новогодишни и божиќни празници имаше и координаторот на советничката група на ВМРО ДПМНЕ, Иван Гоцевски кој истакна дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ како претставници на граќаните секогаш ќе ги штити и застапува интересите на граѓаните на општина Делчево.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 17.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 14:10 часот.

**Записникот го водела**
**Снежана Трајкова**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
**Претседател**
**Гоце Попов**